ОКТА АД - Скопје
ул. 1 бр.25 Миладиновци, п.фах 66, 1000 Скопје
Тел: +389 (0) 2 2532 000 Факс: +389 (0) 2 2577 788

OKTA AD - Skopje
1 Str. 25 Miladinovci, P.O. Box 66, 1000 Skopje
Tel: +389 (0) 2 2532 000 Fax: +389 (0) 2 2577 788
www.okta-elpe.com

Тел. +389 2/ 2532 330
e-mail: snedelkovska@helpe.gr

**БАРАЊЕ ПОНУДА Бр. 1891/23**
Дата: **14/06/2023**
Купувач: С.Неделковска
Рок на доставување: **30/06/2023**

**До:**
e-mail:
Број на страни: 3+8

[X] ПОНУДА
[ ] БУЏЕТСКА ПОНУДА

Почитувани,

Ве молиме да ни ја доставите Вашата најдобра понуда за:

1. Комбинизон............................................................кол. 450
2. Јакна............................................................кол. 120

согласно спецификацијата која ќе Ви биде доставена по Вашата потврда за учество во тендерот.

**Напомена:**
- Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на тендерот потребно е да го потврдат учеството на e-mail адресите: snedelkovska@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr најдоцна до 22.06.2023 год.
- Величината на опремата ќе биде утврдена по изборот на најповолен добавувач.
- Прашања и/или дополнителни објаснувања во врска со ова Барање понуда, понудувачите можат да ги достават само писмено (E-mail snedelkovska@helpe.gr и adimitrievski@helpe.gr)

**При евалуација на понудите ќе се земаат во предвид само понудите на компаниите кои го потврдиле учеството на тендерот.**

## 1 ПОДГОТОВКА И СОДРЖИНА НА ПОНУДАТА, ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОНУДА

Заинтересираните понудувачи Понудата потребно е да ја достават во надворешен затворен коверт со назнака:

**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1891/23"**
(Наведено во горниот лев агол на ковертот)

Во надворешниот коверт треба да бидат ставени два затворени коверти и тоа:

- Првиот коверт кој ќе ја содржи Техничката документација, треба да биде означен со ознаката **" ТЕХНИЧКА ПОНУДА "** и називот на понудувачот;
- Вториот коверт кој ќе ја содржи Финансиската понуда, треба да биде означен со ознаката **"ФИНАНСИСКА ПОНУДА"** и називот на понудувачот.

**1.1** Во ковертот кој ќе ја содржи **ТЕХНИЧКАТА ПОНУДА** потребно е да се достават:

I. Сертификат за квалитет на материјалите кои ќе се употребуваат при реализација на услугата и сите останати документи кои се наведени во спецификацијата;
II. Мостра/примерок од материјалот или готов производ;
III. Гарантен рок;
IV. Време на достава;
V. Сите документи наведени во прилогот "Vendor Onboarding"

**Сите горенаведени документи треба да се потпишани од одговорното лице и заверени со печат на Понудувачот.**

ОКТА го задржува правото да ја одбие техничката понуда и да не ја отвори финансиската понуда доколку сите документи наведени во точка 1.1 не се доставени во рокот за доставување понуди или во дополнително продолжениот рок. Во ваков случај, финансиската понуда нема да биде отворена и ќе му биде вратена на Понудувачот.

**1.2 Во ковертот кој ќе ја содржи ФИНАНСИСКАТА ПОНУДА потребно е да се достават:**

-Единечна цена изразена во МКД без ДДВ;

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

- Цената на понудата да биде изразена во МКД без ДДВ (Понуди во друга валута нема да се разгледуваат).
- Нашите услови на плаќање се „ 40 дена од датумот на фактурата", ако е поинаку да се наведе во Вашата понуда. Давателот на услуги е согласен и прифаќа да не пресметува законска казнена камата доколку, според планот (интерните процедури) на плаќање на корисникот на услуги, плаќањето биде извршено по датумот на доспевање на фактурата, но не повеќе од пет (5) работни денови по тој датум.
- ОКТА го задржува правото да ги дисквалификува понудувачите кои не прифаќаат еден или повеќе од условите наведени во Барањето за понуди, вклучувајќи ги и одредбите од предлог договорот.

- Понудувачот прифаќа дека ОКТА има право да избере дел од понудата, во случај на повеќе позиции, да го избере најуспешниот понудувач, кој не мора да биде со најниска понуда, да ги отфрли понудите кои ги смета како незадоволувачки, да го отповика или поништи тендерот.
- Понудувач прифаќа дека ова Барање понуда не ја обврзува ОКТА на ниту еден начин ОКТА нема да има одговорност или обврска во ниеден случај да ги обесштетува понудувачите за каков било трошок или штета која ќе ја претрпат за подготовка и поднесување на нивната понуда.

**Понудата да се достави во затворен коверт, со назнака**
**"НЕ ОТВАРАЈ ! БАРАЊЕ ПОНУДА бр. 1891/23.**
**Понудата да биде во архивата на ОКТА пред или на 30/06/2023.**

Понудата може да се достави лично во архивата на ОКТА или по пошта на адреса:
ОКТА АД - Скопје
Ул.1 бр.25, н.м. Миладиновци, Општина Илинден
П.Ф. 66, 1000 Скопје

**Понудите кои не се доставени во согласност со горенаведените услови нема да се разгледуваат.**

Поздрав,
Симона Неделковска

Менаџер на набавки
Александар Димитриевски